РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ
Бр. 02-577/2
12.09.2025 год
СКОПЈЕ

Врз основа на членовите 67, 70, 72, 77 од Законот за основното образование (Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20 и 3/25) и членовите 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24 од Правилникот за изрекување на педагошки мерки на ООУ „Војдан Чернодрински“ – Скопје донесен на седница на Училишниот одбор во мај 2025 година, Училишниот одбор на ООУ „Војдан Чернодрински“ во Скопје на седницата одржана на 12.9.2025 година донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ОТСУСТВА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА ВО ОПШТИНСКО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“ - СКОПЈЕ

## Член 1

Со овој Правилник се уредуваат начинот, условите и постапките за оправдување и евидентирање на отсуствата на учениците во текот на учебната година.

## Член 2

Отсуствата на учениците можат да бидат:

1. **Оправдани** – кога ученикот е отсутен поради оправдани причини (болест, семејни причини, учество на натпревари, културни, спортски и други манифестации одобрени од училиштето, службено отсуство).
    - Под болест се подразбира температура, заразна болест, инфективни заболувања, потешки болести, скршеници кога ученикот не е во состојба да доаѓа во училиште или со своето присуство ја загрозува здравствената состојба на останатите.
    - Учениците кои одат на натпревари, културни, спортски и други манифестации, а не се организирани од училиштето, треба да донесат оправдување од институцијата која ја претставуваат. Отсуствата од ваков тип не може да бидат подолги од 10 дена континуирано.
    - За учениците кои учествуваат на натпревари, екскурзии или активности во организација на училиштето, отсуствата се сметаат за оправдани и не се внесуваат како изостаноци. За нивните отсуства се води евиденција во посебна тетратка.
    - Учениците кои оправдано задоцниле на наставен час смеат да присуствуваат на истиот со образложение за задоцнувањето.
    - Учениците кои од оправдани причини не присуствувале на еден час или неколку часови во текот на еден учебен ден со оправдување од страна на

наставникот кој го ангажирал, родител или одделенски раководител, им се заведуваат оправдани изостаноци.

2. **Неоправдани**
   - кога ученикот е отсутен без валидна причина или без навремено доставено оправдување.
   - Кога ученикот намерно доцни на часови.
   - Кога ученикот бега од часови.

**Член 3**

Родителот е должен за секое изостанување на ученикот од наставата да го извести одделенскиот раководител на ученикот. Известувањето треба да го направи благовремено или истиот ден кога ученикот е отсутен од настава

Родителот/ старателот е должен да достави писмено оправдување или лекарско уверение најдоцна во рок од 3 (три) дена односно (до првиот понеделник) од враќањето на ученикот на настава.

Доколку оправдувањето не биде доставено во предвидениот рок, отсуството ќе се смета за неоправдано.

**Член 4**

Класниот раководител е должен:

- редовно да ја води евиденцијата за отсуствата на учениците,
- да ја евидентира оправданоста или неоправданоста на истите,
- навремено да го информира педагогот/психологот и директорот во случај на зголемен број неоправдани отсуства.
- на секои пет направени неоправдани изостаноци од страна на ученикот, е должен да го извести родителот/старателот.

Доколку отсуствата се чести, училиштето ќе ги провери причините за честите отсуствата кај матичниот лекар на ученикот/чката.

**Член 5**

Ако ученикот е отсутен повеќе денови од наставата, а истиот е на боледување или болничко лекување, родителот/ старателот на ученикот е должен во најкраток временски рок да го запознае раководителот на паралелката.

## Член 6

Родителот/старателот може однапред да побара ослободување на ученикот од настава (до 3 дена) поради семејни причини, патување или други оправдани околности.

За подолг период од 3 дена, потребна е одлука на директорот на училиштето.

Училиштето дозволува до 30 дена отсуство на ученици, само доколку родителите се на службено отсуство надвор од државата, а за ученикот нема кој да се грижи. Во тој случај родителите до училиштето поднесуваат барање за отсуство на ученикот/чката и приложуваат доказ за отсуството.

Ова барање го разгледува Наставничкиот совет и директорот на училиштето донесува позитивна или негативна одлука.

За време на училишната година учениците не може да користат денови за годишни одмори. Доколку родителите не го почитуваат ова правило, отсуствата на ученикот ќе бидат евидентирани како неоправдани.

## Член 7

Ученикот кој има голем број неоправдани изостаноци:

- ќе биде повикан на разговор заедно со родителот/старателот,
- родителот треба да потпише изјава дека ученикот/чката во иднина редовно ќе посетува настава.
- ќе се формира Тим за поддршка кој ќе работи со ученикот и родителот за надминување на проблемот.

Педагошки мерки кои следуваат со направен одреден број изостаноци:

- Со 7 неоправдани изостаноци ќе биде изречена педагошка мерка **усна опомена.**
- Со 15 неоправдани изостаноци, ученикот добива **писмена опомена.**
- Со направени 20 неоправдани изостаноци ученикот добива **укор.**
- Со направени 25 неоправдани изостаноци на ученикот му се намалува **поведението на добро**.
- Со над 31 неоправдан изостанок на ученикот му се изрекува педагошка мерка незадоволително поведение.

Пред секоја изречена мерка одделенскиот раководител го известува родителот на ученикот.

Тим за поддршка ќе се формира кој ќе работи со ученикот и родителот за надминување на проблемот.

**Член 8**

За ученикот кој има голем број изостаноци, училиштето ги известува Државниот просветен инспекторат, центарот за социјални работи, општината и други соодветни институции.

Тим за поддршка ќе се формира кој ќе работи со ученикот и родителот за надминување на проблемот.

**Член 9**

Отсуството на ученик до три дена од оправдани причини (учество на натпревари, приредби од државно значење и др.) го одобрува директорот на училиштето по однапред добиено мислење од одделенскиот раководител, родителот или старателот на ученикот и одговорен наставник

**Член 10**

Ученикот кој од било кои причини континуирано не ја следи редовната настава (една третина од наставните часови), а нема елементи за изведување годишна оцена, полага одделенски испит на годината. Оправданоста за причините ја оценува Наставничкиот совет.

**Член 11**

Раководителот на паралелката е должен однапред да го извести ученикот и неговиот родител или старател со Одлука на Наставничкиот совет дека ученикот ќе полага одделенски испит на годината по одделни наставни предмети или сите наставни предмети.

**Член 11**

Овој Правилник стапува на сила со денот на неговото донесување.

Скопје, 12.09.2025 год.

Директор
Верица Неткова Пројчева